| Предмет: Ликовно | | |
|---|---|---|
| Тема: ПЕЧАТЕЊЕ | Вкупно часови: 5 | Време за реализација 12 / 4 |
| Изготвиле: Билјана Чурлевска Маневска | | Изготвиле: Билјана Чурлевска Маневска |
| Адаптирале: | | Адаптирале: |

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови** | **активности** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Основни подлоги и материјали за печатење (печатење, подлога, материјал за печатење).** | ▪ Прави разлика меѓу различни подлоги и материјали за печатење (мазни или рапави, бели или тонирани, текстилни, пластични, дрвени и хартиени). | 1 | ▪ Наставникот покажува различни видови подлоги и материјали за печатење и демонстрира што и како со нив може да се отпечати, а потоа учениците го повторуваат истото.<br><br>▪ Наставникот ја демонстрира разликата во отпечатоците кои се добиени со посилно и послабо удирање на печатот на подлогата, а потоа учениците вежбаат печатење.<br>▪ По дадени насоки од наставникот учениците прават отпечатоци од нивните дланки и стапала со употреба на еколошки бои.<br>. | ▪ Средства и материјали за печатење (печат, шаблони и материјали за изработка на шаблони, картон, еколошки бои и др.) | ▪ усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>• практичната активност за време на часот (учество во активностите);<br>• изработените ликовни творби (цртање, сликање, печатење, пластично обликување); |
| | ▪ Ги опишува разликите меѓу отпечатоците на различни подлоги | 1 | ▪ Наставникот користи мазна и рапава, бела и тонирана подлога во печатењето, а учениците ги споредуваат отпечатоците. | ▪ Средства и материјали за печатење (печат, шаблони и материјали за изработка на шаблони, картон, еколошки бои и др.) | • учеството во изработка на заеднички творби |
| | | | ▪ Учениците користат различни предмети (играчки, геометриски форми и сл.) за печатење | | |
| **Основи на ликовниот јазик во печатењето (печат, отпечаток, шара, шаблон).** | ▪ Користи готови печати (шаблони) за печатење отпечатоци во различни форми и големини.<br><br>▪ Изработува печат (шаблон) самостојно и/или со помош на друг | 1<br><br><br><br>1 | ▪ Учениците користат различни предмети (играчки, геометриски форми и сл.) за печатење.<br><br>▪ Учениците прават печати од различни материјали (пример: сунѓер, компир, лисја, цветови, плодови, сок од плодови), ги премачкуваат во различни бои и на различни подлоги (пример: текстил, пластика, дрво) прават отпечатоци и ги споредуваат. | ▪ Средства и материјали за печатење (печат, шаблони и материјали за изработка на шаблони, картон, еколошки бои и др.) | ▪ усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>• практичната активност за време на часот (учество во активностите);<br>• изработените ликовни творби (цртање, сликање, |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | ▪ Прави шари со повторување на исти отпечатоци. | | ▪ Учениците, по насоки од наставникот, изработуваат шари за шал, марама и сл. со повторување на ист отпечаток. | | печатење, пластично обликување);<br>• учеството во изработка на заеднички творби |
| | ▪ Создава композиции со комбинирање на шаблон | 1 | ▪ Учениците, по насоки од наставникот, прават композиции од различни шаблони (пример: куќи, воз, автомобил, разни предмети и сл.).<br><br>▪ Наставникот ги фотографира изработките од секој ученик, прави композиции од нив и ги печати на печатач (по можност во боја). | ▪ Средства и материјали за печатење (печат, шаблони и материјали за изработка на шаблони, картон, еколошки бои и др.) | • практичната активност за време на часот (учество во активностите); |
| Оценување на наученото | | | ▪ За учеството во активностите учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување).<br>▪ Сумативната оценка се изведува врз основа на целокупните податоци добиени од следењето на постигањата на ученикот и формативното оценување преку користење на различните техники на формативното оценување, при што наставникот ја констатира (опишува) развојната состојба на секој ученик поединечно во рамки на секое програмско подрачје. | | |

resursi.literatura.mk